Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2022 ГОДИНА

библиотечна дејност



МАРТ 2023 год.

БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД
Б И Б Л И О Т Е Ч Н А Д Е Ј Н О С Т

Од областа на библиотечната дејност во рамките на годишната програма за работа содржан беше проектот:

1. Уредување на библиотеката

Во 2022 година, во специјализираната библиотеката на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп е набавена, примена и стручно обработена ново-добиената стручна литература и внесена во системот Cobiss. Тековно се издава литература на стручните лица и се средуваат картоните на издадени книги кои се наоѓаат кај вработените.

Како предмет на Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп од областа на библиотечната дејност за 2022 година, бр. 30-1372/1 од 04.02.2022 год., е учество во финансирање на проектот: „Набавка на домашни и на странски публикации“, со Анекс договор преименуван како „Уредување на библиотеката“. Министерството со средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година учествува во финансирањето на проектот со средства во висина од 30.000,оо денари, од кои во првата фаза се потрошени 20.964 денари, за набавка на 18 (осумнаесет) книги од областа на археологијата, историја на уметност, етнологија, историја, современа уметност. За останатиот дел од финансиските средства во висина од 9.030 денари, односно за втората фаза од проектот, набавени се 17 (седумнаесет) книги од областа на историја, археологија, историја на уметност, кои наменски се потрошени за реализација на проектот. Стручна литература посебно во делот на научно - истражувачката работа ќе биде од голема корист на нашите стручни лица.

ВОН ПРОГРАМСКИ

По повод Јубилејот 67 години од постоењето на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, со задолжение од директорот, стручно лице виш библиотекар, ги координираше работите преку собирање на материјалите од сите вработени и да ја изврши целокупната компјутерска обработка за Монографијата која треба се испечати за таа намена.

Со склучувањето на договорот помеѓу НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Центар ВБМ, Скопје и НУ Завод и Музеј - Прилеп, за имплементација на системот Cobiss во Македонија, се продолжи со внесување на библиотечниот фонд во системот Cobiss на нашата локална база, како новиот, така и стариот фонд.

Во меѓувреме ја обновивме меѓубиблиотечната соработка со домашни и странски библиотеки. Голем број на книги имаме добиено и на подарок а истите се средени, дел од нив се обработени и внесени во заемната база cobib.mk, а голем дел чекаат да бидат каталогизирани бидејќи ги нема во библиографските записи во заемната база COBIB.MK

в.д. директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

_____

Горанчо Цветкоски

Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2022 ГОДИНА

заштита на културното наследство



МАРТ 2023 год.

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Годишната Програма од национален интерес во културата за 2022 година од областа на заштитата на недвижното културно наследство ја сочинуваат следните проекти:

1. Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата и живописот на црквата и трпезаријата во манастирот Успение на Пресвета Богородица, Трескавец, Општина Прилеп

2. Основен проект за конзервација и реставрација на црква Св. Никола со трпезарија, село Загорани, општина Прилеп

3. Реализација на Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп

4. Непосредна заштита - Реализација на проект за конзервација и реставрација на фрескоживопис Црква Св. Илија, село Мелница - Мариово (прилепско)

5. Изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Таки Бербер бр 17 Крушево

6. Тековно одржување на објект: Работилница за оружје за време на Илинденското востание сегашен „Музеј Леарница“ во Крушево

7. Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Селиште - еднокорабна ранохристијанска црква и некропола

8. Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Бедем Стибера кај село Чепигово

9. Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Долиште кај село Прилепец

10. Заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т.н. „македонски“ тип - завршна фаза

11. Реализација на непосредна заштита на проект „Реконзервација и реставрација на неолитски култен објект - ЖРТВЕНИК од локалитет Врбјанска Чука кај село Славеј, прилепско

12. Едукација на имателите на заштитени и евидентирани културни добра под надлежност на НУ Завод и Музеј - Прилеп, I ва фаза

13. Освежување и премачкување на сета дрвенаријаво Спомен дом Кузман Јосифоски Питу, на старите делови и новите променети во 2021

14. Изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр 15 во Крушево, на КП 5860, и реализација на проектот за конзервација и реставрација

проекти отпочнати во 2021

15. Конзервација и препокривање на црквата Св Никола во с. Манастир - Мариово

16. Културно наследство во опасност манастир Трескавец и манастирска црква Успение на Пресвета Богородица

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО во 2022 г

1. Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата и живописот на црквата и трпезаријата во манастирот Успение на Пресвета Богородица, Трескавец, Општина Прилеп

За потребите на изработката на Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на трпезаријата во манастирот „Успение на Пресвета Богородица“, Трескавец, Општина Прилеп, по реализираните истражувачки работи на архитектурата на трпезаријата се реализира Фотограметрсико снимање на Трпезаријата во Манастирскиот комплекс Трескавец, со користење на соодветна опремата за снимање, како појдовна основа за добивање на прецизни архитектонски цртежи.

За таа цел се ангажира д-р Христијан Талевски, научен соработник во ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, кој изврши детално снимање на објектот, по што направи анализи и на добиените податоци, на микро и на макро ниво. Аргументите се во прилог на архитектурата и влучуваат мерење на 3D модел и прецизно презентирани податоци во 3D модел, што се навреме испрачани до НУ Завод и Музеј, Прилеп.

Во рамките на проектот, а врз основа на добиените податоци од Фотограметрсико снимање се изготвуваат детални архитектонски цртежи за Основен проект за конзервација и реставрација на трпезаријата, што содржи: Постојна состојба на трпезаријата, Анализи на оштетувања на трпезаријата, Анализи на употребени материјали, Хронологија на градење, Преземени интервенции и Нова состојба (конзервација и реставрација), што е во фаза на изработка, а во која ќе се опфати и соодветното конструктивно консолидирање на сите оштетени или изгубени елементи од темелите, ѕидовите, кровот сл.; целосна конзервација на фасадите со замена на дотраените или исчезнати хоризонтални дрвени елементи-кушаци, враќање на автентичниот под, препокривање со соодветна замена на дотраената дрвена кровна к-ја, изработка на дренажен канал околу трпезаријата, заради спречување на продор на вода и сл.

За конструктивната консолидација на темелните ободни ѕидови и темелните ѕидови на апсидата, дотраените и обрушени делови од надворешните ѕидови од камен, обрушениот дел од јужниот ѕид на трпезаријата и останатите бројни девастирани елементи, ангажиран е д-р Коце Тодоров, дипл.град.инж. вонреден проф. - Градежен факултет Скопје, а изработката на сложениот статчкиот дел е во фаза на изработка, од причина што многу градежни елементи во трпезаријата недостасуваат или претрпеле големо оштетување, дури и обрушување. Истот по завршувањето ќе се имплементира во фазата од архитектурата-Нова состојба (конзервација и реставрација) на архитектурата на трпезаријата.

* напомена: Во оваа фаза на Основниот проект не се опфаќа фазата за превентива или конзервација на зачуваните фрагменти од живописот во апсидата., што е во крајно лоша состојба.

Фотографии од сегашниот изглед на трпезаријата





фот.1Конструктивно потпирање на дел од откопаната земја фот.2 Изглед на северен ѕид, внатре





фот.3 Изглед на темелниот ѕид од апсидата, фот.4 Поглед кон апсида, истчен и јужен ѕид





Фот.5 Југозападен агол, со изглед на оригиналните маси фот.6 Констр. потпирање на обрушен ѕид, југ



Фот.7 Северен изглед

2. Основен проект за конзервација и реставрација на црква Св. Никола со трпезарија, село Загорани, општина Прилеп

За потребите на изработката на Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Св. Никола“ со трпезарија, с. Загорани, Општина Прилеп, се реализираа истражувачки работи, за архитектурата на црквата и трпезаријата.

Од страна на тимот за истражување се отвори сонда во под,(веднаш до задниот дел од црквата, а во подот на трпезаријта) за да се утврди постоење на постар објект или дел од трем. Но сондата не ја потврди претпоставката, се откри само темелот од камен на постоечкиот западен ѕид на црквата.

На кровот се отворија неколку сонди, две на југозападната страна и една на кровот од апсидата, за потребите на конструктивно консолидирање на дрвените елементи од кровот кои претрпеле оштетувања.

Се зедоа примероци од малтери од фасадите, и од внатрешноста на црквата (5 примероци).

Детално се истражи сликарската техника на ѕидното сликарствои се утврдија оштетувањата на истото.

Во рамките на проектот ќе се изготви Основен проект за конзервација и реставрација на црквата, опфаќајќи потребно конструктивно консолидирање на сите дрвени елементи од кров, конзервација на фасадите на црквата, замена на дотраените прозорци од каде има продор на вода, враќање на автентичниот под, препокривање со замена на дотраената дрвена кровна к-ја.

За конзервација и заштита на живописот на црквата, во наредна фаза, потребно е истиот детално да се доистражи и да се преземат превентивни мерки за истиот, на местата каде е отпаднат.









3. Реализација на Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп

Со дел од доделените средства од Министерството за култура во 2022 година, продолжена е реализацијата на непосредната заштита на иконостасот во црквата, по претходно добиено конзерваторско одобрение од УЗКН Скопје и назначен конзерваторски надзор од НУ НКЦ Скопје. Со извршените конзерваторски истражувања на резбаниот иконостас и сликаните иконописни содржини констатирана е состојба предизвикана од различни причини (извесно разлабавување на конструкцијата, одредени деформации, пукнатини со помал обем, денивелација на одредени елементи, појава на полетни отвори, отпаднати делови, наслаги од различен карактер, несоодветни интервенции). Дел од вградените икони се во лоша состојба, односно констатирано е разградување на употребените материјали и деградација на заштитниот слој, поради што некои од иконите се со мошне слаба видливост.

Конзерваторско-реставраторските работи продолжија да се одвиваат по претходно извршените припремни работи(монтажа на скеле од внатрешната и надворешната страна, набавка на материјали и ситни алатки, екипирање и организација на просторот за работа) кај следните површини на резбаниот иконостас и со подолунаведените постапки предвидени во проектот.

Површини коишто се предмет на конзервација и реставрација се: прв кат на иконостасот од предната страна и задната страна (вертикални столбови и резба кај површините каде што се сместени престолните икони и архитравната греда и кај вградени икони од јужната страна на царските двери, како составен дел на парапетните плочи)

Применети се следните конзерваторски постапки: суво чистење, инјектирање, дезинфекција и дезинсекција кај полетните отвори и пукнатините, фиксирање, отстранување на восок, китирање, отстарнување на преслики, отстранување на деградиран заштитен слој кај вградените икони, китирање, ретуш, нанесување на заштитни слоеви.

Средствата се искористени за:

- набавка на потрошни материјали и ситен алат
- гориво
- услуги од трети лица

Во рамките на доделените средства завршени се конзерваторско-реставраторските работи кај претходно наведените површини на иконостасот.










4. Непосредна заштита - Реализација на проект за конзервација и реставрација на фрескоживопис Црква Св. Илија, село Мелница - Мариово (прилепско)

Во рамките на доделените средства со Годишната програма на Министерството за култура за 2022г., во голем процент се завршени конзерваторско-реставраторските работи на sидното сликарство кај лакот од пронаосот и северниот sид во наосот на црквата.
Со доделените средства од Министерството за култура започната е реализацијата на непосредна заштита на sидното сликарство кај лакот од пронаосот и северниosт sид во наосот на црквата. Спроведени се следните конзерваторско-реставраторски постапки користејќи ги методите и материјалите предвидени во проектот:

- отстранување на површински наслаги по сув пат и механички

- отстранување на соли и останати наслаги по хемиски и по воден пат
- инјектирање на потклобучени површини
- консолидирање на малтерните подлоги
- китирање на пукнатини и површини со отпаднати варови подлоги
- опшивање на сочуваното автентично sидно сликарство
- доотстранување на дотраена малтерна подлога кај лакот од пронаосот поголем обем кадешто е отпаднато sидното сликарство
- нанесување на двослојна варова подлога користејќи готови призводи од палетата на Мапе Антик (обессолени варови смеси со различна гранулација) кај сводот.
- нанесување на сликарска подлога кај северниот sид по нанесувањето на вториот слој.

Средствата се искористени за:

- набавка на потрошни материјали и ситен алат
- гориво
- услуги од трети лица

Со континуирано одвивање на непосредната заштита (реализацијата на Проектот за конзервација и рестварација на sидното сликарство во манастирската црква Свети Илија во с. Мелница Мариово), ќе бидат запрени започнатите процеси на пропаѓање на застапеното sидно сликарство.
Со програмата за 2022 година за овој проект се одобрени 200.000,оо денари, и до 30.06.2022 преведени 140.000.оо денари.






5. Изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Таки Бербер бр 17 Крушево

Беше извршено комплетно снимање на објектот заради документирање на постоечката состоба и спроведени се детални истражувачки работи .
Предмет на истражувањата беше архитектурата на објектот, неговиот конструктивен систем и неговата состојба односно загрозеност. Во овој контекст особено се важни причините поради кои се променила првобитната состојба со објектот, односно се направиле оштетувањата.

Видот и обемот на истражувањата беше насочен кон :
- Собирање и проучување на сите расположиви податоци поврзани со историјатот на спомениkот на културата.
- Собирање и проучување на архивско - библиографската граѓа која се однесува на спомениkот.
- Собирање и проучување на постоечката дескриптивна и техничка и фото документација.
- Согледување и проучување на сите состојби, промени и претходни интервенции и конзерваторско реставраторски работи превземени врз објектот.
Истражувачките работи се одвиваа на терен, со визуелно и фото документирање на состојбите, без примена на агресивни методи или вадење на примероци за анализи.
Врз основа на собраните резултати од истражувачките работи се дефинираа интервенциите кои се потребни и ќе бидат вградени во проектот за конзервација и реставрација на Куќата на ул. „Таќа Бербер“ бр.17 во Крушево. Со реализацијата на овој проект ќе се создадат оптимални услови за живеење и зачување на спомениkот во автентичната состојба.
Изработката на техничката документација е во завршна фаза, а по финализирањето ќе биде даоставена на стручна контрола за позитивно мислење кое е услов за добивање конзерваторско одобрение.





6. **Тековно одржување на објект: Работилница за оружје за време на Илинденското востание сегашен „Музеј Леарница“ во Крушево**

Работите со реализацијата на проектот ,Тековно одржување на објект : Работилница за оружје за време на Илинденското востание, сегашен ,,МУЗЕЈ ЛЕАРНИЦА’’ во Крушево е

во тек, набавени се потребни камени плочи – шкрилци, отстранети се дел од оштетените плочи.




7. **Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Селиште - еднокорабна** ранохристијанска црква и некропола

Археолошкиот локалитет Селиште се наоѓа на околу 2 км. северно од селото Беловодица, а покрај реката Раец и земјениот пат што води кон селото Дрен. Евидентиран е како средновековна црква и некропола. Целта на истражувањето е добивање на поконкретни податоци за хронолошко датирање на содржините.
Откако се расчисти од ниската вегетација внатрешноста на црквата и надворешно околу ѕидовите, се исфрлаше земјениот насип од внатрешноста. Се констатира дека со претходни земјени активности на иницијативен одбор за возобновување на црквата е уништено подното ниво.
Измерени се должините и максималните сочувани висини на ѕидовите од нивната внатрешна страна: јужен ѕид - 7,15 x 0,90 м., западен ѕид - 4,83 x 0,48 м., северен ѕид - 7,00 x 1,00 м. и источен ѕид - 4,90 x 0,55 м.
Апсидата е полукружна со фронтална ширина од 1,24 м. и максимална длабочина од 0,90 м. Пред апсидата во внатрешноста се позиционирани два големи камења со кружна форма, секундарно користени. Едниот од нив е мермерен и најверојатно служел како чесна трпеза при обредите кои се вршеле во црквата.
Со поставување на Сонда 1 и Сонда 2 се ископува надолжно покрај источниот и јужниот ѕид, од нивните надворешни страни. Се откриваат гробни конструкции кои имаат ориентација запад - исток, со мал отклон кон југ. Оформувани се со преградување и покривање со плочести камења со средна и мала големина.
Евидентирани се десет гробови, од кои два претставуваат само положени остеолошки остатоци, односно не постојат конструкции за тие два гробови. Токму во нив се пронајдени по еден бронзен прстен кои според нивниот облик ги датираат гробовите во 15-16 век. И еден претходен запис за времето на создавањето на фрескоживопот на ѕидовите во црквата се совпаѓа со овој временски интервал. Фрагменти од фрескосликањето се пронајдени во голем број при овие ископувања. Од други движни наоди евидентирани се фрагментирана садова средновековна керамика, еден мал фрагмент од стаклен сад и една сребрена средновековна турска монета од типот акче.
Евидентирани се мермени наоди кои биле делови од претходна градба на истото место или во близина, а која егзистирала во античко време: два профилирани архитектонски елементи, од кој едниот е вграден во јужниот ѕид на црквата како сполија и ара без рељефни прикази или натпис на страните.

Ископувањата се одвиваат според планираните замисли, односно нема никакви отстапувања. Методолошки се запазуваат соодветните начини на истражување на евидентираните културни содржини.







8. **Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Бедем Стибера кај село Чепигово**

Со оглед што следи започнување на реставраторско - конзерваторски работи врз архитектонските остатоци од административната зграда на римскодобната агора, позиционирана веднаш до Храмот на богинката Тихе, во фокус на истражувањата беше сегментот помеѓу

нејзиниот централен дел и јужниот ѕид. Се ископуваше под подното ниво на римската градба, со цел максимално да биде истражен постариот македонски хоризонт.

Паралелно со јужниот ѕид на римската градба, на мала длабочина се откри темелен дел од ѕид од просторија од градба од македонскиот хоризонт која лежела на прилагодената карпа - плазика со делкање. Според евидентираното, просторијата се протегала кон југ, односно под јужниот ѕид од римскодобната градба. Пронајдените движни наоди ја потврдија хронолошката припадност на хоризонтот. Доминираат наоди од керамички садови, повеќето како единечни фрагменти, при што се препознаваат следните форми: ехинус чинија, чинија од типот ихтија, мегарска чаша и стамнос. Евидентирано е и едно речиси целосно сочувано ритуално садче. Мошне вредни наоди претставуваат двата глинени калапи, едниот за чаша за пиење вино со врежана вегетабилна орнаментика и име ΣωΙΛΟΥ - во инверзивна инскрипција, а другиот за рељефна теракотна претстава на борбата на Хераклe со Немејскиот лав.

На 3,70 м. северозападно од откриениот ѕид, а паралелно со централниот дел од римскодобната градба, веднаш под нејзиниот под откриена е девастирана групација на камења, која веројатно била дел од ѕид на просторија од втора градба од постариот македонски хоризонт. Се протегала кон север, односно под централниот дел од римскодобната градба. Евидентирани се неколку фрагментирани аморфни наоди од груба садова и покривна керамика. Со истражувањето и во овој дел под подното ниво на римскодобната градба, заврши истражувањето на македонскиот хоризонт под тоа ниво.

Со оглед што во една од претходните кампањи на истражувања на секторот Храм Тихе - јужна тераса, паралелно со јужниот профил на квадратот Г-4 се евидентирани остатоци од ѕид од градба која според пронајдените движни наоди се датира во доцномакедонскиот период, се направи контролен ров во дел од соседниот квадрат кон запад - Д-4. Новоотворената површина за истражување беше со димензии 3 х 2 м. Во источниот дел од овој истражуван простор, на релативно мала длабочина се евидентира компактно ниво на рушевински слој од покривна керамика (тегули и имбрекси), а под нив веднаш се појави мека карпа - плазика, со што истражувањата беа завршени. Од движни наоди доминираат фрагменти од садова керамика со карактеристични форми за доцномакедонскиот период Од други типови на наоди се издвојуваат теракотната глава од најверојатно, божество со брада, две железни стрелки и бронзена монета на кралот Персеј.

Со оглед што по завршувањето на археолошките истражувања треба да започнат конзерваторски работи врз ѕидната архитектура од административната зграда на рисмкодобната агора, се отстрануваа големите земјени ерозивни наноси од надворешните страни на северниот и јужниот ѕид.

Во крајниот источен дел од просторот меѓу северниот ѕид од оваа градба и соседниот Храм на богинката Тихе се појавија темелни партии од два ѕида кои прават југозападен агол од постара градба која постоела на истиот простор на кој во римскиот период е подигнат храмот. Движните наоди од керамички садови ја потврдија датацијата во доцномакедонскиот период на градбата на која што двата откриени ѕидови припаѓале. Од наоди од метал пронајдени се мала бронзена лажичка и железна алатка – спатула, а откриени се и фрагмент од камена мелница и шест школки.

Од надворешната страна покрај јужниот ѕид од административната зграда на агората се ископуваше само до одредена длабочина со цел негово делумно ослободување од таа страна од земјениот нанос. На 4,0 м. западно од неговиот источен крај, евидентиран е ѕид поставен под прав агол, со правец на протегање север - југ, дел од градба прилепена на административната зграда на агората кон југ. Со идни истражувања би се добиле поконкретни сознанија за нејзиниот изглед и намена. Од движни наоди доминираат фрагменти од садова керамика од двата временски периоди.



9. Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Долиште кај село Прилепец

На околу 150 м. западно од најзападниот сегмент од некрополниот простор кој беше истражуван во 2016 година, на едно ниско, вештачко оформено возвишение е евидентирано нелегално ископување, со кое е девастиран културен хоризонт. Со ископувањата се откри дел од комплексна градба со посебна намена, веројатно бања. Конкретно, од градбата се откри една просторија (означена како Просторија 1) со хипокаустен систем за загревање, како и мали сегменти од ѕидови од две простории, веројатно од помлада фаза на изградба.

Просторијата 1 има ѕидови градени од делкани камења со средна големина, врзувани со варов малтер и фина малтерна оплата врз нив. Просторијата е откриена во должина од 10,70 м. (правец југ - север) и во ширина од 7,80 м. (правец запад - исток). Во неа се евидентира хипокаустен систем за загревање со две подни нивоа. Горното подно ниво се состоело од керамички плочи, откривани во фрагменти, врз кои бил нанесен малтерен слој, кој всушност го претставувал нивото на газење. Самите подни плочи лежеле врз столбчиња ѕидани од керамички кружни тули меѓусебе врзувани со малтер, а позиционирани во редови. Во рамките на сондата, евидентирани се по седум редови во два правци: од Ѕидот 1 кон исток и од Ѕидот 2 кон север. Столбчињата се ѕидани врз квадратни керамички бази, а растојанието меѓу нив е варијабилно. Долниот под на просторија бил оформен со фино нанесување на хоросан малтер, релативно добро


сочуван речиси низ целата основа. Благодарение на неколку места каде што е оштетен, се евидентира составот на неговата подлога (субструкција) од кршени фрагменти од керамички градежни тули и камења со помали димензии. Просторијата била со покрив од тегули, додека таваницата била малтерисана. Од горната страна речиси на сите остатоци од таванскиот малтер се забележуваат отпечатоци кои се совпаѓаат со формата на мошне големиот број на пронајдени керамички цевки - тубули, претежно фрагментирани. Овој податок значи дека најверојатно постоело и таванско загревање, кое функционирало преку мрежата на овие тубули. Во откриените сегменти од ѕидовите не се евидентирани вертикални појаси од цевководната мрежа низ кои струел топлиот воздух за загревање од меѓуподниот простор кон таванот.

Во рамките на Просторијата 1 пронајдени се мал број на движни наоди, пред се фрагменти од керамички садови од локална изработка. Секако мошне значајни се фрагментираните наоди од мермерни, профилирани сегменти од внатрешниот тавански симс на просторијата. Нивното присуство упатува на тоа дека градбата која се истражува имала полуксузен изглед.

Од комплексната градба, освен опишаниот дел од Просторијата 1, откриени се и мошне мали должини од ѕидови кои припаѓале на други две простории кои се протегале кон запад. Поради сосема малата истраженост не е можно поконкретно дефинирање на нивната форма и намена, но забележително е дека припаѓале на помлада градбена газа. Пред самиот северен крај на едната (северната) од овие простории, се евидентира специфична архитектонска појава. Со оглед што продолжува кон западниот профил на анексниот истражуван простор, не се откри целосно. Но според првичните сознанија, можеби станува збор за префурниумот на градбата, односно просторијата каде се загревала водата за затоплување

Понатамошни истражувања ќе дадат одговор дали градбата на локалитетот Долиште кај селото Прилепец била дел од индивидуален објект за живеење или можеби станува збор за јавна бања која ја користеле жителите на населбата распослана на поширокиоот простор во римскиот период..









10. Заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т.н. „македонски“ тип - завршна фаза

Со овие Заштитни археолошки ископувања целосно беа расчистени и истражени три гробници и тоа две на локалитетот Мечкина дупка – Дабоиќ, Варош, Прилеп и една на локалитетот Разбојна дупка кај село Алданци. Општина Крушево. Овие истражувања се втора фаза од проектот „Заштитни археолошки ископувања на гробници издлабени во карпа“ на територијата на општините Прилеп, Крушево, Долнени и Кривогаштани.

Локалитетот Мечкина дупка – Дабоиќ, Варош, Прилеп, Гробница 1

Гробницата се наоѓа на околу 250 до 300 м. северно од последните куќи на населбата Варош, Прилеп, а од десната страна на локална земјена патна комуникација која води кон м.в. Заград. Издлабена е во поголема карпа и се наоѓа на пониските западни падини на археолошкиот локалитет Маркови Кули. Таа е со ориентација С – Ј, составена е од комора, преткомора и дромос. За жал таа е отворена и ограбена во подалечното или поблиското минато па заради ова се пристапи само на нејзино расчистување во делот на комората и преткомората и ископување во делот на дромосот кој беше насипан со земја.
Комората е со четириаголна форма а таваницата лачно е засведена. Нејзините димензии се: ширина од 2,37 (2,53) м., должина од 2,56 м. и висина од околу 2,0 м. Западниот ѕид делумно е оштетен, по вертикала, а ова оштетување продолжува и на таваницата а продолжува и во делот на подот така да комората ја дели на два дела, северен и јужен. Во југозападниот дел од комората, поточно покрај западниот ѕид, во подот, издлабена е поголема јама со овална форма и димензии, 020 х 0,10 (0,45 х 0,24) м. и длабочина од околу 0,30 м. Влезот во комората е оштетен при што тој добил овална форма. Неговите сегашни димензии се: ширина од околу 1,40 м. висина 1,02 м. и дебелина од околу 0,30 м. Во неговиот долен дел, односно во делот на прагот, се наоѓаат многу слаби траги според кои може да се констатира дека вистинската ширина на влезот била околу 0,67 м.

Преткомората има правоаголна форма и лачно засведена таваница. Неговите димензии се: ширина 2,07 м., должина 0,97 м. и висина од 1,99 м. Северниот ѕид од преткомората целосно е уништен во горната половина а со тоа и голем дел од влезот во неа така да од димензиите кои можат да се измерат се: ширина 0,59 м. дебелина 0, 38 м. и зачувана висина од околу 0,15 (0,36) м.

Овде треба да се истакне и тоа дека, и кај влезот од преткомората и кај влезот во комората се наоѓа помал жлеб, попречно поставен. Кај комората тој е со димензии: должина 0,20 м. ширина 0,04 м. и длабочина од околу 0,02 м.. а додека кај преткомората неговите димензии се: должина 0,40 м., ширина 0,12 м. и длабочина 0,06 м.
По целосното расчистување на дромосот се констатира дека тој е со правоаголна форма, се движи во правец Ј – С и е со мал отклон кон северозапад. Во делот на влезот во преткомората тој е со ширина со околу 1,0 м. а додека во крајниот северен дел од 0,80 м. Тој е со должина од околу 2,80 м. каде благо завршува па продолжува во малку повисок дел уште за околу 0,62 м. така да целосната негова должина изнесува околу 3,42 м., каде завршува и остро паѓа надолу.
Од движните наоди ќе ги спомниме малкуте фрагменти од керамички садови работени на грнчарско коло кои беа пронајдени во насипот на дромосот.

Локалитетот Мечкина дупка – Дабоиќ, Варош, Прилеп, Гробница 2

Гробницата 2 е новооткриена гробница и се наоѓа на околу 2,50 м. (мерено од влезот во гробницата 1) источно од гробницата 1. Од истата на терен може да се види само западниот ѕид и дел од таваницата. Останатите делови од гробницата се уништени и таа целосно е засипана со земјен насип. Истата е составена само од комора која е со

правоаголна форма и димензии: должина од околу 2,54 м., и ширина од околу 2,0 (2,10 м.). Според малите остатоци од таваницата, кој се наоѓа во продолжение на западниот ѕид, може да се констатира дека таа била на две води при што во овој дел може да се измери и зачуваната висината која изнесува околу 1,70 м.
Јужниот и источниот ѕид од комората се скоро целосно уништени а додека северниот ѕид зачуван е само до висина од околу 0,35 м. и на него нема никакви траги од влезот. Во овој дел издлабен е подлабок канал кој се движи во правец Ј – С и е со следниве димензии: должина од околу 1,0 (1,26) м., ширина од 0,08 (0,16) м. и длабочина од околу 0,10 (0,20) м. Она што треба да се истакни е и тоа дека во овој дел не се констатирани никакви траги од дромос.

Во комората, на подот, лежи подебел слој од потврда земја со дебелина од околу 0,15 м. со бледокафеавкаста боја на кој по целата должина на комората се наѓаат два потенки слоеви од гареж со дебелина од 0, 04 до 0,07м. По целосното подигање на истите се констатира дека во подот, покрај источниот ѕид, издлабена е јама со приближно правоаголна форма која е со следниве димензии: должина 0,70 м., ширина од околу 0,48 м. и длабочина од околу 0,25 м.
Од движните наоди ќе ги спомниме малкуте фрагменти од керамички садови работени на грнчарско коло пронајдени во насипот со кој беше исполнета комората.

Археолошки локалитет Разбојна дупка, Село Алданци, Општина Крушево

На околу 1,0 км. североисточно од селото Алданци евидентирана е гробница издлабена во карпа која е отворена во подалечното или поблиското минато. Нејзината ориентациона поставеност е И – З, со влез на западната страна и се состои од надворешен ходник - дромос и комора. Комората е со правоаголна форма и има заоблени агли. Таа е со должина од 2,40 м. и ширина, во источниот дел од 1,60 м. и 1,75 м. во западниот дел, и висина од 0,70 м. (1,0 м.). Таваницата лачно е засведена а додека подот е рамен освен во источната третина на комората каде тој е повисок за околу 0,02 м.. Во овој дел, поточно во нејзиниот северозападен дел, во подот, вдлабена е помала јама со приближно правоаголна форма (15,0 х 13,0 и длаб. 13,0 м.) а додека во средината, во подот, вдлабено е корито со правоаголна форма и поголеми димензии, должина 1,76 м. ширина 0,60 (0,80 м.) и длабочина од 0,65.
Дромосот е со помали димензии, должина од околу 0,90 (1,0) м. при што продолжува уште за околу 1,0 м., во правец на запад, но карпата во овој дел е доста нерамна и само делумно зарамнета. Неговата ширина изнесува околу 0,66 м. а длабочината 1,0 м. односно 1,70 м. Пред влезот во комората, дромосот е проширен (0.86 м.) и оформен во форма на буквата “П“ (0,24 м. (0,40 м.) и повисок за околу 0,05 м
Влезот во комората делумно е оштетен во горниот дел така да не може со точност да се одреди неговата висина. Од зачуваните димензии кои можат да се измерат се ширината од 0,56 м,, дебелината 0,40 м. и зачуваната висина од 0,58 м. (0,90 м.).





Сл. 1 Локалитетот Мечкина дупка – Дабоиќ, Варош, Прилеп, Гробница 1
Сл. 2 Локалитетот Мечкина дупка – Дабоиќ, Варош, Прилеп, Гробница 2
Сл. 3 Локалитет Разбојна дупка, Село Алданци, Општина Крушево

11. Реализација на непосредна заштита на проект „Реконзервација и реставрација на неолитски култен објект - ЖРТВЕНИК од локалитет Врбјанска Чука кај село Славеј, прилепско

Со археолошките истражувања извршени на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука кај село Славеј, прилепско, од страна на Народниот Музеј во Прилеп во периодот од 1979 до 1989 година констатирани се две градби (градба 1 и 2) од кои едната, Градбата 1 целосно е истражена. При овие истражувања, покрај северозападниот ѕид на Градбата 1 откриен е уникатен култен објект - жртвеник, кој според начинот на градење и димензиите претставува единствен од овој вид на просторот на Р. Македонија, но и пошироко на Балканот. Жртвеникот претставува сложена конструкција составена од поголем четириаголен простор со влез од југоисток, заоблени задни агли и во низа поставени четири помали правоаголни реципиенти, ориентирани во правец на југозапад. На ѕидовите од објектот се забележува начинот на градењето со лепење на повеќе слоеви на глина еден врз друг. Посебно внимание привлекуваат масивните скалести украси кои се наоѓаат на двата предни агли, како и на североисточниот ѕид.
На ѕидовите од објектот се забележува начинот на градењето со лепење на повеќе слоеви на глина еден врз друг. Посебно внимание привлекуваат масивните скалести украси кои се наоѓаат на двата предни агли, како и на североисточниот ѕид.

Во 1982 година жртвеникот е пренесен од локалитетот во просториите на Н.У. Завод и Музеј, Прилеп и денеска е дел од новата Постојана археолошка поставка. Во оваа година направени се и повеќе конзерваторски и физичко – хемиски истражувања, пред се за утврдување на минеролошката структура на употребениот материјал.

Според деталната анализа на жртвеникот од страна на стручни лица, археолози и конзерватори констатирани се промени во структурата на објектот, талози од прашина, пукнатини, одвојување на ѕидни слоеви, легла на инсекти, распрашеност (пулверзација) и растреситост на градежниот материјал и др. заради кое е констатирано дека треба да се изготви - **ПРОЕКТ ЗА РЕКОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА НЕОЛИТСКИ КУЛТЕН ОБЈЕКТ**

Проектната програма е резултат од спороведените конзерваторски истражувања земајќи ги во предвид основните конзерваторско-реставраторски принципи, со цел да се зачуваат естеските, физичките и историските аспекти на жртвеникот.

Извршените истражувања придонесоа во утврдувањето на проектните цели, дефинирањето на предлозите за конзервација и реставрација, како и во изборот на методите и материјалите за нивна заштита.

Реализацијата на конзервацијата и реставрацијата на неолитскиот жртвеник ќе биде спроведена со примена на: подготвителни работи; непосредна заштита (конзерваторски, реставраторски и занаетчиски општи работи). Крајната цел на конзервацијата и реставрацијата е неговата заштита и презентација.

По укажуваање на Комисијата за стручна контрола од НУ Националниот конзерваторски центар во Скопје, извршени се и се вршат одредени корекции на Проектот.

Заради ова, неоходно е целосно реализиране на Проектот од финанскиски аспект



12. Едукација на имателите на заштитени и евидентирани културни добра под надлежност на НУ Завод и Музеј - Прилеп, I ва фаза

Со реализацијата на проектот "Едукацијата на имателите на заштитените или евидентираните културни добра" се извршија теренски активности на евидентирани и заштитени недвижни културни добра во три општини под надлежност на НУ Завод и музеј Прилеп, како: оштина Прилеп, општина Долнени и општина Кривогаштани. Направени се теренски увиди на 17 цркви и манастирски цркви коишто се под надлежност на НУ Завод и музеј Прилеп.

Во таа насока беа изработени теренски листи кои се поплнуваа на лице место, а истовремно се вршеше и фотодокументација на предметните добра. Со тоа се доби увид и подобро запознавање со вредностите, состојбата, начинот на менаџирање на имателите, односно црковните одбори и свештените лица. Исто така подобрена е комуникацијата и ефикасноста во соработката со надлежната институција НУ Завод и Музеј Прилеп, а во интерес на подобра идна заштита, како и спречување на идни несакни или нестручни интервенции на културните добра



13. Освежување и премачкување на сета дрвенаријаво Спомен дом Кузман Јосифоски Питу, на старите делови и новите променети во 2021

Проектот е реализран во целост во првото полугодие од годинава.

Се изврши целосно бојадисување на сите дрвени елементи од доброто Меморијален Музеј - Кузман Јосифоски – Питу и помошните објекти .





14. Изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр 15 во Крушево, на КП 5860, и реализација на проектот за конзервација и реставрација.

Според планираната програма, се пристапи кон изготвување на техничка документација Основен конзерваторски проект за конзервација и реставрација на
Куќата на ул. „Коча Миленку“ бр.15 во Крушево на КП 5860/1, КО Крушево.

Работите започнаа со комплетно снимање на доброто и спроведување на истражувачките работи за идентификација на доброто и утврдување на степенот на оштетеност и загрозеност. Се реализираа истражувачки работи на архитектурата на објектот и конструктивниот систем, присуството на автентичните елементи во и надвор на објектот, како и истражување на пишана и зачувана фото документација. Објектот е поставен на изразито доминантна локација и е дел од ансамблот „Коча Миленку“, заради што заслужува посебно внимание во пристапот за конзервација. Куќата е типичен пример на традиционална крушевска староградска куќа од средината на 19 век, (1876 год.) со сутерен и два ката, со конструктивна и естетска концепција карактеристична за крушевските куќи.

Во почетокот работите се одвиваа на терен, со документирање на сите мерки и податоци од конструктивниот систем и архитектонските детали на објектот. Крушево со својата надморска висина е специфична локација за работа во ладно време, заради што работите се одвиваа во отежнати услови.

После комплетирањето на целокупната потребна документација, се пристапи кон изготвување на проектна документација со документирање на постоечката состојба на објектот, дефинирање на сите присутни оштетувања и нивниот степен на загрозување на објектот. Како резултат овие согледувања, предвидени се сите потребни интервенции кои треба да се преземат за да се изврши правилна конзервација на доброто и да се зачува во автентичната состојба.

Комплетно изготвената конзерваторска документација се достави до НКЦ за добивање позитивно стручно мислење, неопходно за добивање конзерваторско одобрение. Во тек се консултации и постапување по одредени забелешки и сугестии од стручната комисија.

Комплетната документација, со позитивната стручна контрола, ќе се достави до Управа за заштита на културното наследство за добивање на конзерваторско одобрение и ќе се започне со реализација на проектот во почетокот на април.







проекти отпочнати во 2021

15. Конзервација и препокривање на црквата Св Никола во с. Манастир - Мариово

Проектот е целосно реализиран со исклучок на потребата од корекции на поединечни детали ставени во записник од страна на конзерваторскиот надзор. Изведувачот на работите треба да ги коригира детали кои се однесуваат на пропусти во фугирањето, корекции на дрвени елементи и корекции на поплочувањето од тремовите и патеките во и непосредно до тремовите .

Реализацијата на планираните активности содржани во проектот одат во прилог на заштитата на црквата Св. Никола, и нејзино ставање во функција како сакрален објект но и како објект репрезент на Византиската православна култура




16. Културно наследство во опасност манастир Трескавец и манастирска црква Успение на Пресвета Богородица

Реализацијата на проектот заврши во првото полугодие од годината, при што се презедое следните работи:

- Завршни изведбени работи на дрвено скеле и привремен дрвен заштитен двоводен кров со кровен покривач од поцинкован ребрест лим, комплет со хоризонтални и вертикални олуци за одведување на атмосферската вода.
- Дополнително поставување на лексан на северната, југоисточната и западната страна од постоечкото скеле на црквата.
- Обезбедување на јужен ѕид во трпезарија од надворешна страна.
- Конструктивна консолидација на „контрафорот“, западниот дел од сводот во јужниот брод, обезбедување на едрест свод во егзонартекс во црква.
- Санирање на постоечкото скеле на црквата со штафни 5/10;подолжни и попречни дрвени елементи.
- Набавка на мерачи за следење на влажност на ѕидови.

-Обезбедување на оштетеното ѕидно сликарство на камбанаријата.



ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

ТЕКОВНИ ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2022 година извршени се 7 увиди по барање на УЗКН, кои се однесуваат на легализација на бесправно изградени објекти на територијата на нашата меснонадлежност, односно во Прилеп , Кривогаштани, Долнени и Крушево.

Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на 2022 година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј, извршија стручна контрола на пет Основни Проекти.

Одговори на барања и увиди по барања на правни и физички лица

Во текот на 2022 година, стручните лица од нашата установа одговорија на барања од правни и физички лица во вкупно 52 случаи. Кај повеќе од половината стручните лица од нашата установа извршија увиди со излегување на терен на лице место.

Изработка на Заштитно конзерваторски услови и Заштитно конзерваторски основи по барање на УЗКН и приватни и правни лица

Во текот на 2022 година, по барање на правни или физички лица или преку УЗКН побарани се и изработени осум Заштитно конзерваторки услови.

Целосно изработени и одобрени со Решение од УЗКН се девет Заштитно конзерваторски основи по барање на правни или физички лица.

Други вон програмски активности

Во 2022 година по повод Јубилејот 67 години од постоењето на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, беше издадена монографијата „67 години НУ Завод и Музеј – Прилеп“. Во подготовката на материјалите учествуваа сите стручни лица вработени во установата.

Во овој временски период беа подготвени и излегоа од печат неколку стручни трудови на стручни лица, археолози:

- „Мултиетничка Пелагонија во раната антика” , Зборник на трудови, број 24, НУ Завод и Музеј Битола, Душко Темелкоски, коавтори Оливера Јандреска и Владимир Крстески, НУ Завод и Музеј Прилеп
- „Мерна маса од Стибера”
  Археолошки информатор, број 5, ЗГ Менелај, Прилеп
  коавтори Душко Темелкоски, Оливера Јандреска, НУ Завод и Музеј Прилеп и Весна Калпаковска, класичен филолог, Битола
- „Истражувања на локалитетот Долиште, с. Прилепец”
  Археолошки информатор, број 5, ЗГ Менелај, Прилеп
  коавтори Душко Темелкоски, Александар Миткоски и Владимир Крстески, НУ Завод и Музеј Прилеп
- „Археолошки локалитет Долиште кај селото Прилепец”
  Macedoniae acta arhaeologica, број 24, МАД, Скопје

коавтори Душко Темелкоски, НУ Завод и Музеј – Прилеп, Антонио Јакимовски, Филозофски факултет - Скопје и Бошко Ангеловски, ЈНУ Институт за истражување на старословенската култура Прилеп

Монументална раноантичка гробница кај селото Подмол”

Списание на трудови на ДНУП, број 34, Прилеп

- „Монети на автономните области и градови за време на Филип V и Персеј (187-168 г.п.н.е.) во Нумизматичката збирка на НУ Завод и Музеј Прилеп”

  Зборник на трудови, број 25, НУ Завод и Музеј Битола

  коавтори Душко Темелкоски, Владимир Крстески, НУ Завод и Музеј Прилеп
- „Нова градба од Стибера”

  Macedoniae acta arhaeologica, број 25, МАД, Скопје
- Миткоски А., 2021, Примарниот тумул од локалитетот Страгата кај село Крушевица, Мариово Macedoniae acta archaeologica 23, Скопје, 175 - 204
- Миткоски А., 2021, Метални наоди од железно време од праисториската збирка на Н.У.Завод и Музеј – Прилеп, Зборник на трудови 24, Битола, 1 – 18
- Наумов Г, Миткоски А, Талевски Х, Стојановки Д, Андрееска В, Стаматоска П, Ковачевски З., 2021, Истражување на локалитетот Врбјанска Чука кај село Славеј во 2019, Macedoniae acta archaeologica 23, Скопје, 43 – 66
- Наумов Г, Миткоски А, Талевски Х, Стојановки А., 2022, Теренско истражување на локалитетот Врбјанска Чука (Пелагонија) во 2020 и 2021 година, Неолитот во Македонија – тековни истражувања и анализи, Скопје, 105 - 129
- Миткоски А., 2021, Истраженост на бронзеното доба во Пелагонија и Мариово, Macedoniae acta archaeologica 24, Скопје, 59 - 107

Подготвени беа и треба да излезат од печат уште неколку стручни трудови:

- Миткоски А., 2022, Локалитет Попов Нос кај село Чаниште, Мариово – Тумул I, Macedoniae acta archaeologica 25, Скопје, (во печат)
- Темелкоски Д, Миткоски А., Крстески В., 2022, Археолошки истражувања на локалитетот Марков чардак - потег Грло, с. Бело Поле, Археолошки информатор 5, Прилеп (во печат)
- Темелкоски Д, Миткоски А., Крстески В., 2022, Археолошки истражувања на Долиште кај селото Прилепец - 2022 Археолошки информатор 6, Прилеп (во печат)

СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Во 2022 г стручни лица од институцијата продолжија со работа на монографијата – ПЕЛАГОНИЈА И МАРИОВО ВО ПРАИСТОРИЈАТА. Пред се се работеше на текстуалниот дел а посебно внимание беше посветено на преодниот период од бронзено во железното време како и на раното железно време. Паралелено со тоа се подготвува и техничка и фото документација за секој предмет посебно при што до сега е изработена техничка и фото документација за движни наоди од следните локалитети: т.н. Керамичко депо, Варош, Прилеп, Сивец кај село Присад, Дрми кај село Горно село, Градиште, Манастир, Богданова Нива кај село Чаниште и Пешта – Скрка кај село Мелница, Врља Грамада, село Бешиште, Богданова Нива, село Чаниште, Скрка (Пешта), село Мелница, Градиште, село Вепрчани, Градиште, село Манастир, Казан, село Кален.



Во временскиот период од 03. до 31.08 2022 година археолог од НУ Завод и Музеј - Прилеп, беше дел од екипата која вршеше археолошки ископувања на археолошкиот локалитет "Врбјанска Чука" кај село Славеј, како стручен соработник Оваа година се работеше во крајниот северозападен дел од истражуваниот простор, кој со истражување беше започнат во предходната година.

Стручно лице археолог зеде учество во Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Павла Чука кај селото Подмол заеднички повеќегодишен програмски проект на НУ Завод и Музеј Прилеп и Катедрата за археологија на Филозофски факултет - Скопје раководител проф.др. Антонио Јакимовски од 22.08.2022 до 31.08.2022.

На локалитетот Павла Чука е позиционирана единствена монументална гробница од македонски тип во Република Македонија, со засведен влезен коридор - дромос и ограден sид со пречник од 30 м. Во неа најверојатно бил погребан кнез на Пелагонците некаде на преминот од 3 во 2 век ст.е., кога Пелагонија била во состав на моќната држава на Македонците.

Истражувањата се вршат во континуитет повеќе години. Последните години акцентотот е ставен на истражување на просторот лево од дромосот, пришто се откриени подоцнежни византиски погребувања од 11 и 12 век. Овие погребувања, покрај претходно евидентираните погребувања во доцната антика, се уште една потврда за претпоставката дека раноантичката гробница претставувала култно место уште долго време по извршеното погребување во неа.

в.д. директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

_____

Горанчо Цветкоски

Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2022 ГОДИНА

музејска дејност



МАРТ 2023 год.

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

I. Во 2022 година одобрени беа проекти од музејска дејност и тоа:

1. Хепенинг "New Event - tention"
2. Роднокрајно музичко творештво
3. Уметноста во служба на убавото и корисното - Инклузивни музеи
4. Реконструкција на оштетениот бронзен споменик посветен на стреланите во с. Дабница, Прилепско, од авторот скулптор Димо Тодороски, осквернавен во далечната 2000 - та год

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во музејската дејност во Извештајот за 2022 година ги доставуваме следните информации поединечно по проекти:

1. Хепенинг "New Event - tention"

Проектот **Хепенинг „New Event - tention**" (Нов настан-внимание, почитување) тековен проект кој стана препознатлив мултикултурен и едукативен проект кај учениците од многу националности, наставниците, децата со посебни потреби и попреченост, како и кај медиумите и јавноста. ***Причини за ваков проект:***
Училишниот активизам во полето на мултикултурата е стереотипен збир на слаби и сувопарни методи, кои не ја приближуваат културата кон дечињата. Арсеналот на нови методи за когнитивен влез на младите во културата е неимплементиран во училишниот систем, без било каква визија - која би произлегла од наставниците Последните години голем број музејски експерти се запознаени со новите трендови во музеологијата, посебно со едукативната и презентацискатa страна на нашата мисија. Сепак, тие знаења не се споделени, не се дел од музејските стратегии за пристап до публиката, ниту на стратегијата за јавна едукација на населението за асистенција во културната презервација на сите видови култура. Тоа е така заради нестават̀ето акцент на едукативната функција на музеите и несподелување на знаењата во самите институции (нема наставни курикулуми, нема мотивација и интерес, нема идеи, нема училишен капацитет и методологија на пренесување на знаења).
Оваа година започнавме со подготовки за разни национални ора (маконско,турско,влашко и бошњачко оро) Во врска со овие подготовки за централен мултикултурен настан се вклучија следниве ментори Елвира Црновршанин Каришиќ од ООУ,,Мирче Ацев " – Лажани со бошњачко оро, ментор Наташа Забрчанец од ООУ,,Кирил и Методиј" с. Канатларци со турско оро, ментор Надица Нане од ООУ,,Никола Карев"- Крушево со влашко оро, ментор Горан Василески од КУД ,,Мирче Ацев"-Прилеп со македонско оро, мнтор Ферди Булут претстава со ликовна уметност на штафелаи на кои учениците претставуваа народни носии од разни националности (турска,бошњачка,мкдонска,влашка,ромска..) ментор Николина Јованова од Едукативен

центар ТИК-ТАК(за мали дечиња од претшколска возраст кои зедоа учество во проектот) Во прилог еве некои слики од централната манифестациј која ја поврзавме со Јубилејот на музејот 67 Години НУ Завод и Музеј-Прилеп








2. Роднокрајно музичко творештво

Во 2022 собравме многу музички материјали и откупуваме музички инструменти записи, аудио записи, скриптозаписи, слики, предмети на наши Прилепски познати музичари, пеачи, радио-водители итн. Тоа опфаќа една обемна теренска активност каде директно во контакт со музичките имиња од Прилеп или со нивни роднини и поколенија обезбедивме и ќе обезбедуваме доволен материјал (записи, слики, лични предмети) за истите тие да бидат истакнати во Роднокрајната музичка поставка. Конкретно, сето ова се однесува на музичари (пеачи, музички водители, инструменталисти, композитори, диригенти итн)

Проектот се одвива во градот Прилеп, Долнени и околните села,во НУ Завод и Музеј – Прилеп (во самата поставка)

Досега имаме собрано комплетен материјал од познатиот Долненски гајдаџија - Пеце Атанасоски, КУД ,,Мирче Ацев“-Прилеп, Најстариот пензионерски хор, дуетот Селимова-Желчески, Нина Спирова, Блага Петреска, флејтистот и аранжер на музички текстови Коста Смислески, спикерот и аматерски пеач Гога Зафироски, диригентот на инструментални оркестри и хорови –Илија Јанчулески... Од забавната прилепска музика: Бен Хур, Ристо Бомбата и кучешка тенија, Crosroad buz bend и др. Откупени се повеќе музички инструменти, златни плочи PGP-RTB,сребрени плочи PGP-RTB, плакети,признанија и др. Исто така поради обемноста на материјалот кој немавме простор да го сместиме во изработените витрини од ланскиот проект, се приправаат уште неколку витрини за да се смести сиот музички материјал.







3. Уметноста во служба на убавото и корисното - Инклузивни музеи

Што е уметност?
-творештво на човекот кое вклучува креативен или имагинативен талент кој изразува техничко владеење и емоционална моќ или концептуални идеи.
-разговори за уметноста и утврдување на нејзините основни елементи-линија,форма, текстура, простор, боја, вредност,додавање на ознаки и материјалност.
-Дизајн и композиција, планирање организација на елементите.
-Што го прави дизајнот добар? Разликите во формите, линиите, големините, боите, тонските вредности.
-Тонска вредност ВАЛЕР- дефинира колку светла или темна може да биде дадена нијанса, дефинирање на контраст
-Хармонија во композиција
-медитации за останување присутни во сегашноста и следење на својата интуиција
часови
Запознавање со и учесниците и прогамата
Вежби за ослободување на раката
интуитивно цртање по сеќавање
поставка на мртва природа, решавање на простор и поставување на елементи во истиот
сликање со ограничена палета
утврдување на главен фокус и структура на композиција
одбирање на мотив од Прилепската околина, поставување на платно со користење на фотографска подлошка.
Сликање на мотивите и индивидуална корекација кај секој од учесниците
Сликање по слободна тема
разговори за искуството.

Проектот „ Инклузивни Музеи “ – Сликарската работилница оствари триесет и пет уметнички дела. На почетокот на октомври месец започнаа подготовките за изложбата од проектот Инклузивни Музеи “ – Прва Сликарската Работилница , делата кои призлегоа од овој проект беа изложени во НУЦК Марко Цепенков Ликовна галерија во перодот од 21.10 – 27.10.2022. Како што беше и самото мото на нашиот проект (Уметноста во служба на убавото и корисното), оваа изложба беше од хуманитарен карактер.









4. Реконструкција на оштетениот бронзен споменик посветен на стреланите во с. Дабница, Прилепско, од авторот скулптор Димо Тодороски, осквернавен во далечната 2000 - та год

За реализација на проектот „Реконструкција на оштетениот бронзен споменик посветен на стреланите во с. Дабница, прилепско, од авторот скулптор Димо Тодороски, осквернавен во далечната 2000-та година“ од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп во својство на набавувач беше распишан тендер за јавна набавка. Јавната набавка како добавувач ја доби Занартчија Леарница ПАНКО МРЧКОВИЌ Ивица Панко Мрчковиќ Скопје, ул.2, бр.8 Мирковци, Чучер Сандево, застапуван од Ивица Мрчковиќ, за што е склучен договор за вршење на набавка. Истата во согласност со техничката спецификација која содржи:
1.Преземање и транспорт на оштетената бронзена скулптура;
2.Реконструкција – заварување на оштетените делови од скулптурата;
3.изработка на калап за копија, потребна за реконструкција на бронзената скулптура;
4.Изработка на мермерен постамент за бронзената скулптура;
5.Враќање на обновената бронзена скулптура, транспорт и нејзино поставување во Меморијалниот музеј „11-ти октомври 1941“ – Прилеп;
е реализирана со исклучок на дел од точка 5, односно нејзино поставување во Меморијалниот музеј „11-ти октомври 1941“ – Прилеп, активност која треба да се случи во најскоро време.





ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Изложбата „Ченто – биографија низ фотографија“ која во изминатите години посети повеќе градови, во втората половина на 2022 година го продолжи своето „патувачко“ претставување низ повеќе градови на Републиката, а во соработка со сродни установи, односно установи од областа на културата, како:

- НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје, отворена на ден 15.09.2022 година;
- НУ Музеј – Куманово, отворена на ден 07.10.2022 година;
- НУ Историски музеј – Крушево, изложбата отворена во Споменик „Илинден“ („Македониум“), на ден 04.11.2022 година;
- НУ Завод и Музеј – Охрид, изложбата отворена во Спомен - куќата на Христо Узунов, на 18.11.2022 година;
- НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга, отворена на ден 02.12.2022 година;
- ОУ Дом на културата „Македонски Брод“ – Македонски Брод, отворена на ден 15.12.2022 година.

Европски проект „Европски денови на културно наследство“. Во неговото одбележување НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, зеде учество преку изложбата под наслов „Уметниците во музеите – музеите со уметниците.

Во соработка со Друштвото на Ликовни Уметници од Прилеп ги повикавме сите уметници членови на друштвото да земат учество на предвидената изложба при што одзивот на уметниците беше позитивен, се пријавија 23 учесници, секој со по едно дело.

Како што беше предвидено успеавме да ја склопиме изложбата на слики заедно со археолошките артефакти кои ни се поставени во лапидариумот и да го споиме минатото и сегашноста во едно.

Учество во стратешко планирање на Општина Прилеп за културен туризам – Иницијално и Работилница за локален економски развој, област културен туризам и туристичка понуда.

УЧЕСТВО НА СИМПОЗИУМ

Загреб, Хрватска, Меѓународен конгрес „Contextualising Oriental Cults“
15 - 17 септември 2022
реферат: „Faustina Minor, Isis and the trade of grain in Styberra”
коавтори Александра Николоска, МАНУ, Скопје, Душко Темелкоски и Оливера Јандреска, НУ Завод и Музеј Прилеп.

На конгресот е презентирана портретна биста на Фаустина II. Откривањето на овој репрезентативен наод предизвика големо внимание кај стручната јавност во Македонија, додека значењето на Фаустина со атрибутите на Изида во контекст на трговијата со жито и агората во Стибера го потврдија и авторитативни научници од цела Европа, учесници на конгресот во Загреб.

Педагошко- водичката служба континуирано се одвиваше во сите објекти - надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:

- Спомен куќата на Кузман Јосифоски - Питу

- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 година
- Археолошка поставка
- Лапидариум во НУ Завод и Музеј – Прилеп
- Галерија на икони
- Етнолошка поставка
- Роднокрајно музичко творештво
- Музеј за тутун

Посетите на сите објекти се состојат од организирани групи на школска младина, сојуз на пензионери, странски групи и поединечни посети.

По повод 8 ми Септември, Денот на независноста, НУ Завод и Музеј - Прилеп се вклучи во одбележувањето, при што сите поставки беа отворени и бесплатни за посетителите.

в.д. директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

_____

Горанчо Цветкоски